ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 05-60/14
09.02.2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги

Договорот стапува на сила на 11.02.2018 година помеѓу договорните страни:

1. **Институт за акредитација на Република Македонија (ИАРМ)**, ул. Кеј Димитар Влахов бр.4, зграда 2, кат 03, Скопје, застапуван од в.д.директорот д–р Трпе Ристоски, (во натамошниот текст како **Набавувач**) **и**
2. **Друштво за услуги и трговија Академос ДОО експорт-импорт Скопје,** ул. Божидар Аџија бр.9-1/3, Скопје, ЕМБС 5903343, застапуван од управителот Мирјана Костадиновска, (во натамошниот текст како **Носител на набавка**).

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е услуги за превентивно одржување на софтвери за: архивско, благајничко и сметководствено работење, софтвери за: плата и основни средства, согласно тендерската документација и техничките спецификации по поканата за поднесување на понуда бр.05-60/3 од 17.01.2017 година и согласно понудата на Носителот на набавката и тоа :

1. Превентивно (тековно) одржување:

- следење на софтверското решение и дијагностицирање на неговата моментална состојба, односно препознавање на сите евентуални технички и системски дефекти и нивно проактивно разрешување,
- интервенции во податоци за отстранување на настанатите грешки во податоците заради проблемите предизвикани од грешка во податоци или од ненамерна грешка при рутинска работа на корисниците,
- отстранување на грешки направени од носителот на набавката при развојот на кодот,
- одржување, вклучително и тестирање, следење, прилагодување и замена на компоненти со цел спречување на потенцијални испади на системите,
- мерење, снимање и анализа на релевантни параметри и преземање соодветни мерки со цел да се обезбеди оптимална и доверлива работа на софтверското решение и минимизирање на можноста од дефект и/или
- решавање на проблеми врз база на пријавени инциденти на софтверското решение;

Отстранувањето на сите настанати грешки (проблеми) на софтверите, се врши согласно квалитетот кој одговара на пропишаните стандарди и правила за овој вид услуги и согласно Законот за јавните набавки. Одржувањето може да се спроведува со далечински пристап.

Во случај на инцидент или непредвидени прекини или пад на системите од било кои причини, или локациско преместување на мрежата економскиот оператор е должен да соработува за враќање на системот во последна работна состојба во рамки на договореното тековно одржување, односно за негово конфигурирање и ставање во функција на апликациите.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Овој договор се склучува со важност за период од 1 година од неговото склучување.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Вкупната вредност на договорот изнесува 114.972,00 денари без ДДВ. ДДВ изнесува 20.695.00 ден.